## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 6
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 7 - онлајн живеење
**Наставна содржина:** Веб - пребарувач
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да умее да пронајде информација од Интернет за одредена цел со помош на клучни зборови
**Очекувани резултати:** Пронаоѓа информација од Интернет за одредена цел со помош на клучни зборови
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација, бура на идеи
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, пронаоѓа информација на Интернет

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** На овој час ќе се потсетиме што се веб – пребарувачи и како се користат.
Веб – пребарувачи или машини за пребарување се обични веб – страни кои ни служат за пронаоѓање на други веб – страни.
**Учечко – поучувачки активности:** Стартувам еден од трите веб – пребарувачи: Google (google.com), Yahoo (yahoo.com) или Bing (bing.com) и учениците анализирајќи го неговиот изглед се обидуваат да го опишат.
Кога ќе внесеме клучен збор, веб – пребарувачот ќе пронајде многу веб – страни кои ја содржат информацијата што ни треба. Предложените веб – страни ги отвораме една по една, додека не ја најдеме бараната информација.
Постојат неколку веб – пребарувачи, но за успешно пребарување доволни се трите најпопуларни: Google (Гугл) со Интернет адреса google.com, Yahoo (Јаху) со Интернет адреса yahoo.com и Bing (Бинг) со Интернет адреса bing.com. Изгледот на веб – пребарувачите е прикажан на следните слики:




Изглед на Google - google.com




Изглед на Yahoo- yahoo.com




Изглед на Bing - bing.com

На следната слика се прикажани резултатите од пребарувањето по клучен збор „Скопје“ во Google, Yahoo и Bing.

obrazovanie.literatura.mk




Резултати во Google




Резултати во Yahoo




Резултати во Bing

Успешното користење веб – пребарувач е една од најважните „вештини“ при користењето Интернет.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Со користење на веб – пребарувач/пребарувачи, да се пронајдат:

- Што се дијадоси?
- Информации за Кресненското востание.
- Како се викал првиот премиер на Република Македонија, кога станала независна држава во 1991 година?
- Како се викале премиерите на Република Македонија откако станала независна држава во 1991 година до денес?
- Кога е роден Тоше Проески?
- Други информации по избор на учениците.

**Активности за евалуација:** Се води дискусија со која се резимираат знаењата стекнати на овој час.

obrazovanie.literatura.mk